ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Архивски бр. 08-2398/
Датум ____________________

# ЗАПИСНИК
# ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД ТЕТОВО

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 14.05.2019 година (вторник) во 10.00 часот, согласно Планот за надзор бр. 02-1034/1 од 07.02.2019 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Тетово.

Претходно, со писмо од 02.05.2019 година претседателот на Основниот суд Тетово беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со Претседателот на судот во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник. Претседателот на судот истакна дека во судот работат 21 судии (заедно со претседателот) од 26 предвидени судиски места по систематизација, а од нив еден судија е делегиран во Основен суд Скопје 2 Скопје, а друг судија ја има ставено функцијата во мирување. Во судот има вкупно 143 вработени, од кои 25 се судски стручни соработници и 7 судски полицијци.

Претседателот на судот нагласи дека кога била преземена функцијата од негова страна, биле пронајдени во шкаф во судот приближно 1400 неевидентирани платни налози. Проблемот бил надминат и истите се внесени преку АКМИС за што постои и Одлука на претседателот на судот 03.Су. бр.55/18 од 02.07.2018 година.

Исто така, претседателот на судот истакна дека е реновиран делот од шалтерите за издавање на потврди за неосудуваност, отворен е посебен влез за странки надвор од судскиот официјален влез, што е во функција на потребите на граѓаните за полесен пристап и подобра организација на судот.

Основниот суд Тетово користи стара зграда која е потребно да се реновира. Неодамна се случил инцидент кога се срушил таванот во просторијата во која е


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

сместен серверот и во соседната канцеларија – благајната на судот. Се планира и обновување на фасадата на објектот со што се очекува да се подобрат работните услови.

Претседателот на судот истакна дека тековно се архивираат предмети, а воедно формирана е комисија за лачење на предмети со цел предавање на архивирани предмети на Државниот архив.

Надзорната кмисија беше информирана дека распределбата на оставинските предмети по нотари се врши преку посебна ИТ програма и тоа секој петок од страна на информатичарите.

Исто така, претседателот истакна дека Судскиот совет не извршил надзор над работата на Основниот суд во Тетово.

***ПРЕПОРАКА: нотарите надлежни за подрачјето на Основниот суд во Тетово да се внесат во АКМИС-от, програмата за автоматска распределба на оставинските предмети да се интегрира во АКМИС и предметите да се распределуваат преку овој систем.***

Надзорната комисија побара документацијата наведена во гореспоменатиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:

**1. Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2017, 2018 и 2019 година.**

Надзорната комисија беше информирана дека работното тело изминатите години работело, иако истото не било формирано со конкретна одлука. Тоа беше потврдено со увид во записници за одржани состаноци на работното тело СУ.бр.07-21/18 од 15.5.2018 година, СУ.бр.07-154/18 од 12.7.2018 година и СУ.бр.07-7/19 од 17.1.2019. Воедно, комисијата констатираше дека иако записниците се заведени во соодветниот уписник , документите не се изготвени во АКМИС. Од увидот во документите беше констатирано дека на 7 мај 2019 година е донесена одлука за формирање на работното тело за управување со движење на предметите во судот, односно по 3 (три) месеци откако претседателот на судот ги усвоил внатрешните процедури на ден 12.2.2019 година. Во актот за внатрешните процедури е наведено

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

дека тие се донесени на предлог на работното тело за управување со движење на предметите во судот.

*ПРЕПОРАКА: соодветно да се следат постапките предвидени во Законот за управување со движење на предметите во судовите и Судскиот деловник*

**2. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2017, 2018 и 2019 година по предлог на Работното тело**

Констатирано е дека Годишен план за управување со движењето на предметите има за 2017 година. За 2018 и 2019 година не се донесени планови.

*ПРЕПОРАКА: Веднаш да биде изработен и донесен Годишен план за управување со движењето на предметите за 2019 година.*

**3. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2017, 2018 и 2019 година (член 17 од СД).**

Надзорната комисија беше известена дека претседателот редовно врши надзор за што постојат службени белешки и истите беа дадени на увид.

**4. Извештаите на повисокиот суд за работата на Основниот суд Тетово за 2017, 2018 и 2019 година**

Надзорната комисија изврши увид во извештаите на Апелациониот суд Гостивар од каде се констатираше дека во текот на 2017 година повисокиот суд извршил надзор (чл.24 од СД) во месец октомври, во 2018 година надзорот бил во април и ноември, а последниот надзор бил во мај оваа година и се чека на извештајот на Апелациониот суд.

Апелациониот суд Гостивар во периодот 2017-2018 година нема извршено надзор на работите на судската управа (чл.25 од СД) во Основниот суд Тетово.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**5. Записници од одржани седници на месечно ниво (членови 19 и 22 од СД) и увид во записници**

Претседателот информираше дека одржува седници на судии редовно, но се одржуваат и вонредни седници, кога е утврдена потреба за нивно одржување. Надзорната комисија изврши увид во записниците и се утврди дека седницина судии редовно се одржуваат на актуелни теми и се читаат месечните извештаи од АКМИС - от.

**6. Организирани обуки и судски службеници за користење на АКМИС (член 26 од СД)**

Тековни обуки за работење на АКМИС на вработените врши судскиот информатичар и тоа секојдневно. Беше подвлечено дека нема организирана и систематска обука.

Комисијата беше известена дека судот организирал обука за користење на електронска достава и за анонимизирање и објавување на судските одлуки, што е за поздравување.

Од разговорот со вработените во судската писарница, Надзорната комисија беше информирана дека неколку вработени биле испратени во Основниот суд Скопје 2 Скопје на размена на искуство и знаење во однос на работата со АКМИС-от и примената на Судскиот деловник, при што вработените изразија задоволство од таквото искуство.

***ПРЕПОРАКА: Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континурана обука за ИКТ технологијата на информатичарите и другите вработени во судовите, како и заради поголема ангажираност на вработните за целосно искористување на капацитетите на АКМИС-от.***

***Се препорачува да се воспоставaт редовдни средби меѓу судските службеници со цел унапредување на работата на судската служба.***

**7. Судски администратор (член 60 од СД)**

Судот има судски администратор.

**8. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период (член 61 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана дека посебна листа на вработените распоредени по кориснички групи со прецизно дефинирани привилегии за пристап во АКМИС не е донесена. Корисничките привилегии во АКМИС се дефинирани согласно овластувањата утврдени со годишниот распоред за работа на судот, но на сите вработени од иста корисничка група доделени се исти привилегии што ја нарушува безбедноста и отвара простор за можна злоупотреба.

***ПРЕПОРАКА: ВЕДНАШ да се изработи список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со прецизно наведени привилегии, и истите да се имплементираат во АКМИС. Да се ажурира состојбата на сите локални номенклатури кои се користат во судот.***

**9. Достава на извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судски совет, од страна на претседател на суд**

Претседателот на судот не врши редовна достава на извештај за реализација на програмата за работа до Судскиот совет на Република Северна Македонија најдоцна до 1 март.

***ПРЕПОРАКА: Да се постапи по задолжението за доставување на Извештај за реализација на програмата за работа до Советот.***

**10. Внатрешни процедури за управување со движење на предмети (174 СД))**

Надзораната комисија констатираше дека внатрешните процедури за Основниот суд Тетово се донесени на 23.1.2018 година и 12.2.2019 година.

**11. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Бројот, видот на судски оддели со судиите кои постапуваат по секоја област се утврдени со годишните распореди. Надзорната комисија утврди дека работата во судот се организира во 2 (два) судски оддели: Кривичен и граѓански оддел. Од доставените извештаи беше констатирано дека има зголемување на приливот на граѓански и прекршочни предмети.

Од надзорот на информатичарите беше констатирано дека има застој во уписот на прекршочните предмети од објективни причини: прилив на голем број на предмети, а еден уписничар.

***ПРЕПОРАКА:*** ***да се реорганизира, односно персонално да се зајакне прекршочната писарница со цел да нема застој во внесување на предметите и истите да се внесуваат на дневна основа.***

**12. Формиран оддел за судска практика во судот (член 74 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана дека не е формиран оддел за судска практика заради малиот број на судии.

**13. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура за 2017, 2018 и 2019 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии (член 113 од СД)**

Годишниот распоред на Основниот суд Тетово за 2018 година е донесен на ден 28.12.2017 година

Годишниот распоред на Основниот суд Тетово за 2019 година е донесен на ден 26.12.2018 година.

Годишниот распоред е изменет заради делегирање на судија во друг суд и заради мирување на судиска функција.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

*ПРЕПОРАКА: Судскиот совет да ја преиспита целисходноста на делегирање на судии од поголеми судови во судовите во Скопје. Од една страна, судовите со проширена надлежност се жалат на недостиг на судии, а од друга страна се врши делегирање на нивни судии. Препорачуваме обрнување на внимание на овој факт.*

**14. Месечни распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година (116)**

На Надзорната комисија ѝ беа доставени на увид месечните распореди за дежурства. По направениот увид во АКМИС беше констатирано дека истите навремено се изготвуваат на месечно ниво, водителите на уписник ги внесуваат дежурните судии во соодветниот календар во АКМИС а итните предмети веднаш се доделуваат во работа на дежурен судија.

**15. Простории за судии поротници и за адвокати (член 120 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана дека во судот нема простории за судии поротници и за адвокати. На влезот на зградата на судот јасно стојат табли дека во зградата се сместени Основното јавно обвинителство и Државното правобранителство. Надзорната комисија беше информирана дека целокупното одржување и тековните трошоци се на товар на Основниот суд.

*ПРЕПОРАКА: Да се преиспита можноста Основното јавно обвинителство и Државното правобранителство да се преместат на друга локација, со оглед дека се работи за субјекти кои пред судот се јавуваат како странка во постапката.*

*Во меѓувреме, другите органи соодветно да учествуваат во покривање на тековните трошоци.*

**16. Огласна табла на судот (член 122 од СД)**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Судот располага со огласни табли кои се во функција на видливо место. Во судот има поставено и видео дисплеи кои делумно се во функција.

*ПРЕПОРАКА: Да се ставаат во функција сите видео дисплеи.*

**17. Формирана канцеларија за односи со јавност која на барање на странка доставува анонимизиран примерок од одлука (член 101)**

Претседателот ја извести Комисијата дека е формирана канцеларија за односи со јавност каде се распоредени двајца стручни соработници за постапување по барања за издавање на аноминизиран примерок од одлука, а еден судија е портпарол на судот.

Воедно, Надзорната комисија беше информирана дека канцеларијата добива барање за добивање на анонимизирани примероци од одлуки по кои се постапува согласно закон.

**18. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети и негово физичко присуство (член 89 од СД)**

Надзорната комисија беше известена дека во судот се вработени тројца информатичари, но не е донесена формална одлука за администратор на АКМИС. Задолжено лице за АКМИС е советник-информатичар. Задолженото лице беше повикано и со него лично разговараа членовите на комисијата околу различни аспекти за организацијата на АКМИС-от и неговата примена во судот.

Надзорната комисија беше известена дека со Одлука на претседателот на судот 0301 СУ.бр.124/18 од 30.2.2018 година советник – информатичар е задолжен за автоматска распределба и прераспределба на предмети. Одлуката не е заведена во соодветниот уписник во АКМИС.

***ПРЕПОРАКА: Автоматската распределба и прераспределба на предметите да се извршува од страна на судски службеник од судската писарница во секој оддел согласно чл.174 од Судскиот деловник.***

**19. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2017, 2018 и 2019 година (175 став 5 СД)**

На Надзорната комисија и беа доставени на увид дел од одлуките за исклучување и вклучување на судија од автоматска распределба на предмети. Констатирано беше дека одлуки за исклучување се носат заради боледување или користење на годишен одмор од страна на судија за отуство подолго од 5 (пет) дена, а соодветно се носат одлуки за повторно вклучување на судијата во распределба на предмети.

**20. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Членовите на надзорната комисија беа известени дека месечните извештаи на работното тело се доставуваат до претседателот на судот редовно.

**21. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за иземање за 2017, 2018 и 2019 година**

Надзорната комисија од увидот во АКМИС-от констатираше дека во Основниот суд во Тетово се носат одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија. Одлуките се соодветно образложени, редовно се заведуваат во уписникот СУ-ИЗЗ, а решенијата се изготвуваат во АКМИС.

**22. План за годишен одмор на судиите, за 2017, 2018 и 2019 година (член 115 СД)**

Надзорната комисија констатира дека се носат планови за годишен одмор за судиите.

**23. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2017, 2018 и 2019 година.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени во автоматска распределба, но постојат и уписници по кои постапува само еден судија и тоа: истрага (КИ), истражни дејства (ОИД, КРИ, КРП, КНЗД), претходна постапка (К-ПП, УОСК), кривично полнолетни (КР, ЗАМ-К), кривичен совет (КС, КСП, КС-КР, КП, КУК, ЕК, УО, КПОВ), кривично малолетни (КМ, КРМ, КСМ, КПМ, УО-КМ), прекршоци (ПРКМ, ПРК-Р, ПРК-ПОВ), извршување на санкции (КУИКП, КУИКМ, ИКП, ИПРК, ПК, ИСАМ, ИОИП), вонпарнични (ВПП, ВПП1, ВПП2, ОДС, О1, ОНАД, РВПП), Заверки (ЗАВ, ЗАВ1, ЗАВ-С, ЗАВ-Х, ПСО, ПСО1), замолници (ПОМ, ПОМ сек, ЗАМ-С), заштита од незаконити дејства (ЗНД), регистрација на политички партии и др (РПП), обезбедување и спроведување на побарувања (ППНИ, ИПКД, ИПК, ИДС), како и сите уписници од судска управа по кои постапува претседателот на судот.

Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и предмети од уписници за кои е доделен само еден судија.

Предметите во судската писарница навремено се заведуваат, со исклучок на дел од прекршочните предмети од областа на сообраќајот.Надзорната комисија констатираше дека во втората половина на 2018 година е започнато со поредовно заведување на предметите во уписниците од Судска управа, по кои постапува претседателот на судот, но се уште не се заведени сите записи и сите акти не се изготвени во АКМИС. Се забележуваат и пропусти при поврзувањето на актите во соодветен предмет, како и при нивното редоследно нумерирање.

Управувањето со предметите од судска управа е подобрено во текот на 2019 година, но се уште не е на задоволително ниво.

***ПРЕПОРАКА: Предметите во сите уписници да се заведуваат редовно во рамки на законски предвидените рокови, сите акти да се изготвуваат со***


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

***користење на АКМИС и да се внимава внесените податоци да бидат целосни и точни.***

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година**

Претседателот на судот ги извести членовите на Надзорната комисија дека нема одлуки за рачна распределба на предмети.

**25. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**

На Надзорната комисија и беше доставен на увид список на ИТ опрема со која располага Основниот суд Тетово. Беше нагласена потребата за зголемување на капацитетот на серверите, надградба на дел од работните станици, обновување на принтерите, како и набавка на поголем број скенери.

***ПРЕПОРАКА: ИТНО да се зајакнат мемориските капацитети на процесниот сервер за да се овозможи непречено фунцкионирање на АКМИС-от, системот за електронска достава, скенирањето на влезните документи, тонското снимање на рочиштата во граѓанската област, казнената евиденција и сл. Да се набават нови сервери за судовите во РСМ се со цел нормално функционирање на АКМИС-от и останатите ИКТ услуги воведени во судовите.***

**26. Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана дека не се врши скенирање на влезните документи во Основниот суд во Тетово од причина што опремата која била донесена пред повеќе години не била целосно инсталирана и ставена во функција.

Информатичарите истакнаа дека во врска со проблемите со ИТ техниката немале поддршка од другите судски чинители, односно јасно нагласија дека е

потребно формирање на централизирано тело кое ќе ги координира информатичарите во судовите.

***ПРЕПОРАКА: Да се преземат чекори за надминување на проблемот со скенирање на влезни документи, веќепостоечката опрема да се стави во функција и да се направат напори да се обезбеди доволен број на скенери. Судските службеници да се обучат за користење на модулот за скенирање.***

## 27. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 15 часот. Итните предмети се распределуваат веднаш. На денот на надзорот немаше нераспределни предмети со датум на внес постар од тековниот. Предметите редовно електронски се праќаат до судиите.

## 28. Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб порталот во однос на вкупен број одлуки донесени во судот

Надзораната комисија беше информирана дека во судот се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал и тоа до моментот на надзорот се објавени 6848 одлуки. Бројот на објавени анонимизирани одлуки на web порталот, е значително помал од бројот на донесени одлуки во судот.

***ПРЕПОРАКА: Да се интензивира процесот на анонимизација и објавување на судките одлуки.***

## 29. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Надзорната комисија беше информирана дека електронскиот прием од страна на судиите се врши редовно.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

**<u>30. Уписници што се водат во хартиена форма</u>**

Надзорната комисија беше информирана дека во Основниот суд во Тетово нема уписник во хартиена форма, односно сите уписници се водат електронски.

**<u>31. Друго</u>**

Надзорната комисија изврши увид во просториите на судот и посебно во судниците. Беше констатирано дека 4 (четири) судници се опремени со опрема за тонско снимање, а се уште не е отпочнато со снимање на судските рочишта. Дел од опремата не е во функција веќе подолг период од причина што нема ангажирано фирма за нејзино одржување Исто така, беше нагласена потребата на информатичарите од обука за инсталација и конфигурирање на FEMIDA софтверот, како и обука за користење на системот како за информатичарите, така и за сите вработени кои треба да бидат дел од процесот на тонско снимање (судии, записничари).

Надзорната комисија констатираше дека е потребно да се подобри имплементацијата на ИКТ услугите во судот.

***ПРЕПОРАКА: Да се преземат сите потребни институционални и организациони мерки од страна на повисоките судски чинители со цел да се обезбеди одржливост на опремата за тонско снимање, скенирање на влезни документи и другата ИТ опрема.***

Увидот заврши на ден 14.05.2019 година во 14:45 часот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk